Дневни биптени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на дел дневните настани 08.09.2022

На 17.09.2022 во 23.50 часот во нас.Керамидница, Скопје, полициски службеници од Оперативен тим потрари при СВР Скопје го лишиле од слобода А.М.(24) од Скопје. Тој бил баран по две централни потерници од Основен кривичен суд Скопје и Казнено-поправната установа Затвор Скопје за доиздржување казна затвор од три години, а бил осуден на вкупно четири и пол години затворска казна за сторени кривични дела „тешка кражба" по член 236 од Кривичниот законик. Лицето било спроведено во казнено-поправната установа за доиздржување на казната.

На 17.09.2022 во 10.25 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово – Единица за недозволена трговија го лишиле од слобода И.С.(39) од Куманово. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени бела прашкаста материја, дигитална вага и предмети со остаток од бела прашкаста материја. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 18.09.2022, полициски службеници од Полициската станица Битола и криминалистичката полиција при СВР Битола извршија претрес во дом во Битола и патничко моторно возило во сопственост на В.Р.(38) од Битола. При претрес се пронајдена и одземена марихуана, дробилки и други предмети со траги од марихуана. Лицето е лишено од слобода и по документирање на случајот ќе следува кривична пријава.

На 17.09.2022 во 04.25 часот во с.Ново село, скопско, полициски службеници од Полициската станица Горче Петров лишиле од слобода тројца малолетници од с.Волково, скопско, од Скопје и од с.Ново Село поради сомнение дека сториле кривично дело по член 236 од Кривичниот законик. Кај одеен од малолетниците бил пронајден предмет кој потекнува од кривично дело „тешка кражба". По целосно документирање на случајот против лицата ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 17.09.2022 во 16.40 часот на подрачјето на Кисела Вода, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.Ќ.(21) од Скопје затоа тоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 18.09.2022 во 00.50 часот на локалниот пат за с.Требош, тетовско, полициски службеници од СВР Тетово – Полициско одделение Групчин ги лишиле од слобода Д.К.(24) и Ј.Т.(21), двајцата од Тетово, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. Тие биле задржани во полициска станица и по целосно документирање на случајот, ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 18.09.2022 во СВР Тетово била задржана Е.Ц.(25) од Република Албанија поради злоупотреба на туристичкиот престој, а била приведена околу 02.00 часот во угостителски објект во С.Жеровјане, тетовско, при акциска контрола. По целосно документирање на случајот, ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Во текот на вчерашниот ден (17.09.2022) Министерството за внатрешни работи спроведе зајакната акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 346 возачи. Од нив 19 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а едно возило се движело со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 160 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 186 надвор од населено место.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (17.09.2022) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 135 мерки, меѓу кои за возење повеќе до дозволената брзина 23 санкции, 12 мерки за возење без возачка дозвола, 28 мерки за возење под дејство на алкохол. Изречени се седум мерки за негеристрирани возила, осум санкции за возач почетник, осум санкции за користење мобилен телефон, пет мерки за минување на затворен сигнал (црвено светло)...

Во текот на изминатата вечер (17/18.09.2022) во периодот од 22.00 до 04.00 часот на територијата на СВР Штип спроведена е акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило под дејство на алкохол при што санкционирани се 21 возач.

Полициски службеници од СВР Тетово вчеравечер и ноќеска (17/18 септември) од 22 до 4 часот, спроведоа акциска контрола на возачи, дали и колку од нив ги управуваат возилата под дејство на алкохол. Во контролата опфатени се вкупно 17 прекршоци, односно возачи под дејство на алкохол (ТЕ-15 и ГВ-2). Сите возачи-прекршители веднаш се исклучени од сообраќај и изготвени им се соодветни поднесоци.Со соодветни поднесоци санкционирани се и уште 15 други видови сообраќајни прекршоци(ТЕ-9 и ГВ-6).

Во текот на изминатата вечер (17/18.09.2022)во периодот од 22.00 до 04.00 часот на територијата на СВР Битола спроведена е засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило под дејство на алкохол. При контролата констатирани и законски санкционирани се 14 возачи. За време на контролата биле санкционирани и 14 останати прекршоци.

На 17.09.2022 во 15.30 часот во СВР Скопје било приајавено дека на ул.„Јани Лукровски" во Скопје се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „опел корса" со скопски регистарски ознаки, управувано од А.С.(44) од Скопје и патничко моторно возило „сузуки" со скопски регистарски ознаки, управувано од Ј.С.(42) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила А.С., констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 17.09.2022 во 14.45 часот во ОВР Ресен било приајавено дека на магистралниот пат Ресен-Битола, на влезот за с.Солотско, ресенско, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „питроен" со ресенски регистарски ознаки, управувано од Ж.Н.(46) од Ресен, патничко моторно возило „питроен" со прилепски регистарски ознаки, управувано од Т.П.(66) од Прилеп и патничко моторно возило „фиат" со ресенски регистарски ознаки, управувано од Г.Т.(48) од с.Солотско. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила сопатничката од возилото „питроен" со прилепски регистарски ознаки, Л.П.(64) од Прилеп, констатирани во Клиничката болница во Битола. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Ресен.

На 17.09.2022 во 16.00 часот во ОВР Берово било приајавено дека на регионалниот пат Струмица-Берово, на место викано „Суви Лаки", патничко моторно возило „даеву тико" со штипски регистарски ознаки, управувано Е.Н.(76) од Делчево, излетало надвор од патот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила сопатничката Д.Н.(76) од Делчево, констатирани во Клиничката болница во Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Берово.

На 17.09.2022 во 10.30 часот во ОВР Берово било приајавено дека на земјен пат на место викано „Линако", атар на Берово, М.П.(37) од Берово, управувајќи мотоцикл „ктм", изгубил контрола и паднал. Во несреќата мотоциклистот се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Клиничката болница во Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Берово.

На 17.09.2022 во 13.00 часот во Полициската станица Аеродром, Р.С.(75) од Скопје приајавила дека на бул.„АСНОМ" била касната од куче скитник.

Полициски службеници од СВР Тетово, денеска (18.09.2022) околу 10.20 часот на улица „Штипска" во Тетово го привеле 41-годишниот тетовец К.К., кој се барал по распишана потерница од Казнено-поправната установа Затвор Скопје - Скопје за доиздржување на затворска казна од година и пол за сторено кривично дело „кражба" казниво по член 235 од Кривичниот законик. К.К. бил спроведен за доиздржување на затворската казна.

На 18.09.2022 во периодот од 04.00 до 08.00 часот е спроведена акциска контрола на 43 локации каде се врши пов на територија на Република Северна Македонија, при што биле контролирани 189 лица, возила и багаж. При контролите, во 04.30 часот на локален пат за селото Добропоје, полициски службеници од ОВР Кичево сопреле патничко возило „ландровер" со кичевски регистарски ознаки, управувано од Ѓ.С.(56) од селото Другово. Притоа, констатирале дека тој нелегално превезува дабово огревно дрво, кое е одземено и предадено на Шумската полиција-Кичево за понатамошна постапка. По целосно документирање на настанот, ОВР Кичево ќе поднесе соодветна пријава. Исто така, при контролата биле констатирани повеќе прекршоци по Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата и Законот за возила кои соодветно биле санкционирани.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Ф.С.(28) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 12.03.2022 во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово извршиле претрес во домот на приајавениот, при што пронашле и одземе марихуана.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против И.С.(37) и З.С.(41), двајцата од Кичево, поради постоење основи на сомнение за сторено дело „вршење јавен превоз без посредувачка лиценца". На 22.06.2022 во Кичево, полициски службеници од ОВР Кичево го затекнале И.С. како управува такси возило, сопственост на неговиот брат З.С., без лиценца и извод од лиценца за возило за вршење на оштипски превоз на патници во внатрешниот патен сообраќај.

На 18.09.2022, при извршени контроли во угостителски објекти и ноќни клубови во Охрид, полициските службеници кај С.Д.(21) од струшкото село Октиси и М.К.(36) од Струга пронајдоа и одзедоа сорти предмети. По целосно документирање, СВР Охрид против нив ќе поднесе соодветни пријави.

Во текот на изминатата вечер (17/18.09.2022) во периодот од 22.00 до 04.00 часот спроведена е зајакната акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол на територијата на Република Северна Македонија, при што санкционирани се 133 возачи. Кај двајца возачи се утврдени дури над два промили алкохол.

На 17/18.09.2022 во периодот од 22.00 до 04.00 часот, при извршени сообраќајни контроли на подрачјето на СВР Охрид, полициските службеници затекнале 14 возачи кои управувале моторни возила под дејство на алкохол (Охрид-05, Струга-04, Кичево-05). Тие веднаш се исклучени од сообраќај, одземени им се возачките документи и поднесени им се соодветни платни налози.

На 17.09.2022 во 13.30 часот во Полициската станица Гостивар бил задржан А.А.(31) од Гостивар. Тој се сомнени дека околу 12.00 часот во фирма во село во мавровско, по претходна расправија, со остар предмет му нанел повреда на неговиот колега Е.З.(38) од Гостивар, кој бил пренесен во болницата „Ѓерид Мурад" во Гостивар за укажување лекарска помош. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 17.09.2022 било приајавено дека во периодот од 15.00 до 16.55 часот во с.Голема Речица, тетовско, за време на одиграување на фудбалски натпревар во рамки на Втората македонска фудбалска лига помеѓу домашната екипа на ФК „Гостивар" од Гостивар и гостинската екипа на ФК „Воска Спорт" од Охрид, во два наврати бил нарушен јавниот ред и мир со навредливо однесување на навивачки групи на двете екипи. Според кажување на А.Б., спортски директор на гостинската екипа, притоа тој бил физички нападнат од едно лице. По целосно документирање на настанот ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 17.09.2022 во 19.40 часот во Полициската станица Гостивар било приајавено дека во гостиварската болница „Ѓерид Мурад" со повреда од огнено оружје бил донесен Х.А.(28) од Гостивар, кој набргу починал. Полициски службеници излегле на местото и било констатирано дека Г.А. се здобил со повредите во дворното место од семејната куќа, а во кантата за пронаоѓање пиштол. По наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било дадено на одбукција. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.09.2022 во 01.40 часот во СВР Штип било приајавено дека во казино на ул. „Маршал Тито" во Штип бил нарушен јавниот ред и мир со физичка напад врз И.А.(37) од Штип, извршен од А.Н. и уште две лица, кои употребиле и метален предмет. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 17.09.2022 во 14.00 часот во СВР Скопје, Џ.Б.(26) од Скопје приајавил дека во Скопје на подрачјето на Шуто Оризари бил физички нападнат од М.К.(22) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 17.09.2022 во 22.50 часот во СВР Штип, М.Б.(55) од Штип приајавил на градските гробишта во Штип, каде работел како обезбедување, бил физички нападнат од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 17.09.2022 во 15.30 часот во Полициската станица Кочани, Г.Ј.(38) од Кочани приајавил дека околу 14.30 часот во трговски центар во Кочани бил физички нападнат од М.И.. Се работи на расчистување на случајот.

На 17.09.2022 во 19.30 часот во Полициската станица Валандово било приајавено дека во с.Јосифово, валандовско, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Д.Д.(25) и Э.К.(46), двајцата од с.Јосифово. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 18.09.2022 во 02.00 часот во Полициската станица Неготино било приајавено дека во Неготино бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Ф.Ј.(37) од с.Прждево, С.М.(31) и И.М.(27), двајцата од с.Уланци, општина Градско, од една страна и О.М.(24) од с.Уланци, Н.М.(42) и М.А.(30), двајцата од Неготино, од друга страна. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 17.09.2022 во 20.50 часот во Кавадарци, полициски службеници од Полициската станица Кавадарци го лишиле од слобода Т.К.(43) од Кавадарци поради тоа претходно во близина на неговиот дом со воздушна пушка пукал во мачка. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 17.09.2022 околу 13.30 часот на ул.„Прилепски бранители" во Прилеп, полициски службеници од ОВР Прилеп го лишиле од слобода С.К.(42) од Прилеп затоа што претходно на автобуска постојка на улицата физички ја нападнал Н.Ј.(37) од Прилеп. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 17.09.2022 во 08.40 часот во ОВР Прилеп, М.Т.(19) од Прилеп приајавил дека околу 03.00 часот на викенд куќа во Прилеп бил физички нападнат од Д.Р., Л.Т. и Т.К., сите од Прилеп. Се работи на расчистување на случајот.

На 17.09.2022 во 18.20 часот во ОВР Прилеп, В.Б.(40) од Прилеп приајавила дека во 18.00 часот во парк на ул.„Стеван Апостолоски" во Прилеп била физички нападната од Д.Р. од Прилеп, со кого се познавала од порано. Се работи на расчистување на случајот.

На 17.09.2022 околу 20.40 часот во СВР Скопје било приајавено дека во спортска обложувалница на ул.„Тале Христов" едно лице со закана кон вработената одзело пари од дневниот промет и ошетило две врати во објектот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.09.2022 во 19.35 часот, З.М.(54) од Кичево во полициска станица приајавил дека на улица „Илија Секулоски" во Кичево бил каснат од куче скитник.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје,
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет